**20232033558**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 19 став (7) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 144/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 септември 2023 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА УКИНУВАЊЕ НА УВОЗНАТА ДАВАЧКА- ЦАРИНСКАТА СТАПКА ЗА УВОЗ НА МЛЕКО И ПАВЛАКА

Член 1

Со оваа одлука се пропишува мерка за укинување на увозната давачка-царинската стапка при увоз на млеко и павлака и тоа:

| Тарифна ознака | Наименување |
|---|---|
| 0401<br>0401 50<br>0401 50 39 00 | Млеко и павлака, неконцентрирани и без додаден шеќер или други материи за засладување:<br>- Со содржина на маснотија, што надминува 10% по маса:<br>- - Што надминува 21%, но не надминува 45%:<br>- - - Друго |
| 0402<br>0402 91<br>0402 91 59 00 | Млеко и павлака, концентрирани или со додаден шеќер или други материи за засладување:<br>- Друго:<br>Без додаден шеќер или други материи за засладување:<br>Со содржина на маснотија, по маса, што надминува 10%, но не надминува 45%:<br>- Друго |

Член 2

Стоките од членот 1 од оваа одлука ќе се увезуваат, заклучно со 31 декември 2023 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-9853/3
26 септември 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.